# УСЛОВИ ЗА НАБАВКА

**1. ОПСЕГ НА ПРИМЕНА**

1.1. Сите набавувања и други нарачки што Маркарт Македонија ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст именуван како „Маркарт") или компании поврзани со Маркарт ќе ги склучи со Добавувачот наведен во дел 1.2, дури и идните набавувања и нарачки, ќе бидат исклучиво засновани на овие Услови за набавка. Маркарт нема да прифати одредби на Добавувачот спротивни од нив, како ниту други услови на Добавувачот што не се содржани во Условите за набавка. Условите за набавка на Маркарт ќе се применуваат и кога Маркарт ќе ја прифати испораката од Добавувачот без резервации, сосема свесни за какви било други одредби на Добавувачот што се спротивни од нивните. Отстапките од овие Услови за набавка ќе бидат важечки само доколку се потврдени во пишана форма од страна на Маркарт.

1.2. Условите за набавка на Маркарт ќе се применуваат само за лица кои при потпишување на договорот се во улога на претприемачи кои се независно ангажирани во трговија или бизнис.

**2. НАРАЧКА ЗА НАБАВКА**

2.1. Договорите за набавка (нарачка и прифаќање на таквата нарачка) и предвидените распореди за испорака, како и сите нивни други измени или дополнувања, мора да бидат во пишана форма за да бидат важечки. Нарачките дадени преку размена на електронски податоци се исто така прифатливи.

2.2. Во случај кога Добавувачот нема да ја прифати нарачката во рок од две недели по приемот, Маркарт има право да ја откаже таа нарачка. Предвидените распореди за испорака се обврзувачки доколку Добавувачот не ги одбие непосредно по приемот.

**3. ИСПЛАТА, ФАКТУРА И ИСПРАТНИЦА**

3.1. Исплатата ќе се врши преку банкарски трансфер освен ако не е поинаку наведено со 3 % попуст на целиот износ, ако исплата се изврши до 30 ден на следниот месец, односно нето ако исплатата се изврши најдоцна во рок од 60 дена. Рокот за исполнување на паричната обврска започнува да тече од денот на прием на факурата.

3.2. Во случај на предвремена испорака, исплатата ќе биде извршена според договорените датуми за испорака.

3.3. Во случај на испорака со дефекти Маркарт има право да задржи соодветен износ додека испораката да биде прописно извршена.

3.4. Добавувачот ќе ја достави фактурата пред сè во еден оригинален примерок до регистрираното седиште на фабриката, без каква било резервација со потполна свесност за какви било други одредби спротивни од овие за кои Добавувачот е известен. Во фактурата ќе бидат наведени најмалку следните податоци: број и датум на нарачка за набавка соодветно на распоред на монтажата, дополнителни податоци на Добавувачот (број на сметка), даночен број или број за регистрација на ДДВ за Добавувачот, место за истовар, број и датум на испратница, број на фактура и број на предмет.

**4. ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА НЕДОСТАТОЦИ**

4.1. Маркарт веднаш ќе го извести Добавувачот за стоки со материјални недостатоци откриени при нормалниот тек на работата, кои на било кој начин не се усогласени со барањата на нарачката. Маркарт ќе ги проверува стоките при прием само за да провери дали доставената стока одговара на нарачката, односно дали стоката ги има потребните својства за особената употреба за која ги набавува Маркарт, дали е точна количината и дали се случило оштетување при транспорт и е видливо на пакувањето. Во врска со наведеното во точка 4.1 Добавувачот се откажува од своите права да приговара на задоцнета или неизвршена инспекција или да поднесе приговор.

**5. НЕОТКРИВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИ**

5.1. Ниту една од страните нема да открива или да ги направи достапни во каков било облик доверливите информации, комерцијалните и техничките податоци (како што се истражувачки теми, извори на информации на Маркарт, маркетинг методи, имот, бизнис работи, клиенти, врски, други добавувачи, индивидуалци или ентитети поврзани со Маркарт, цени, пресметки, условите предвидени во интерни договори на Маркарт и права на интелектуална сопственост) со кои се стекнала за време на деловниот однос, освен ако таквите податоци не се дел од општите познавања или се од домен што го надминува договорниот период. Обврската да се почитува тајноста не се однесува на околности кои не бараат да се почитува тајност и завршува во секој случај, штом таквите околности ќе станат општо познати.

5.2. Кооперантите ќе бидат истоветно обврзани.

5.3. Секоја страна кон ова може да го користи воспоставениот деловен однос за маркетиншки цели, само по претходно добиена пишана согласност од другата страна.

**6. ДАТУМИ И ПЕРИОДИ НА ИСПОРАКА, МЕСТО НА ИЗВРШУВАЊЕ**

6.1. Датумите и периодите на испорака на стоката што се договорени се обврзувачки. Сообразноста со тие датуми и периоди ќе биде определена според датумот на кој стоката што треба да се набави пристигнува на договореното место за испорака. Секоја испорака мора да биде потврдена во писмена форма со испратница која ги содржи сите релевантни податоци за испораката како што е: име на договорените страни, идентитетот и количината на стоката, датум и место на испорака, потписи на овластени потписници итн.

6.2. Добавувачот зема обврска веднаш писмено да го извести Маркарт за околности што се појавиле или му се познати нему, а кои се очекува да предизвикаат доцнење во испораката. Во случај на доцнење поради виша сила или други пречки за извршување што не се должат на грешка на страните, секоја од наведените страни има право да го раскине договорот доколку продолжената договорна обврска е неподнослива и неприфатлива, според разгледување на дадените околности. Раскинувањето на договорот не имплицира никакви побарувања за другата страна.

6.3. Со цел да се обезбеди исполнување на обврските за навремена испорака предвидени во овие Услови за набавка, Добавувачот ќе плати договорна казна од 0,25% од вредноста на нарачката за завршен работен ден од доцнењето, меѓутоа не повеќе од 5 % од вкупната вредност на нарачката. Доколку доцнењето се однесува на дел што е функционално дефиниран од испорачливиот производ што треба да се изврши, а не е баран за наменетата употреба на преостанатиот дел, договорната казна се пресметува врз основа на тој дел од вредноста на нарачката извршен со доцнење. Ова се применува соодветно ако доцнењето заврши во различни периоди. Вредноста на нарачката секогаш го вклучува и данокот на додадена вредност. Маркарт ќе го извести Добавувачот дека го задржува своето право на договорната казна во рок од една недела од испораката на стоките. Ако штетата за задоцнета испорака на стоката што ја претрпел Маркарт е поголема од износот на договорната казна, Маркарт има право да ја бара разликата до целосниот надомест на штетата.

6.4. Местото на испораката наведено во нарачката од страна на Маркарт ќе биде местото на исполнување на сите понатамошни испораки на стоките од страна на Добавувачот.

**7. КВАЛИТЕТ И ДОКУМЕНТАЦИЈА**

7.1. Добавувачот во врска со испорачливиот производ гарантира за сообразност на стоката со врвните и соодветни безбедносни регулативи и наведените технички податоци. Сите промени на стоките што треба да се направат согласно договорот, без оглед дали се сметаат за важни за подоцнежна употреба на стоките од страна на Добавувачот, се предмет на претходна пишана согласност од Маркарт. Добавувачот континуирано ќе го контролира квалитетот на испорачаните стоки и ќе одговара за истиот. Со тоа страните ќе се информираат меѓусебно за можни подобрувања на квалитетот на стоките.

7.2. Во случај да материјалите кои се предмет на договорот согласно закони, регулативи и други одредби или поради нивниот состав и ефектот врз животната средина, бараат посебен третман во врска со пакување, транспорт, складирање, ракување, трговски ограничувања и исфрлање на отпад, понудата што Добавувачот ја доставува до Маркарт мора да содржи документ за сообразност придружен со пополнети табеларни податоци за безбедност, табеларни податоци потребни во случај на евентуална препродажба во странство и соодветен документ за несреќи при транспорт. Во случај да се сменат материјалите или правната ситуација, Добавувачот ќе обезбеди ажурирани табеларни податоци и документи за Маркарт.

**8. ПРАВА ВО СЛУЧАЈ НА ПОСТОЕЊЕ НА НЕДОСТАТОЦИ**

8.1. Во случај на постоење на материјални недостатоци кај испорачаната стока, Маркарт има релевантни законски права предвидени во точките од 8.2 до 8.6. Доколку испорачаната стока согласно договорот, покаже недостаток во рок од шест месеци од денот на испораката, ќе се претпостави дека испорачаната стока биле дефектна и во моментот на испораката. Доколку Добавувачот дал гаранција, правата што се резултат на таа гаранција се додаваат на правата во случај на дефекти.

8.2. Во случај кога Маркарт го известил Добавувачот за евентуални недостатоци на испорачаните стоки, Маркарт има право да бара од Добавувачот отстранување на дефектот или испорака на нов призвод без надоместок, намалување на цената или раскинување на договорот.

8.3. Маркарт може по претходна координација со Добавувачот (т.е. по појаснување дали самиот Добавувач е во можност да постапи по барањето на Маркарт), да бара преработувањето или поправањето да го стори трета страна. Сите трошоци што ќе се јават како резултат на тоа ќе ги сноси Добавувачот.

8.4. Доколку испорачаната стока е со недостатоци на материјалите и истите покажуваат дефект при нивна обработка, Маркарт ќе има право да го раскине договорот во однос на испорачаната стока доколку по доставено известување, Добавувачот повторно испорача дефектни стоки или бараната испорака на стоките не је изврши во дополнително оставениот рок од страна на Маркарт.

8.5. Доколку Маркарт открие недостаток откако започнал со обработката или процесирањето на стоките до потрошувачот, како и доколку Маркарт бил сообразен со точката 4 (известување за недостатоци), Маркарт има право да бара надомест за штета.

8.6. Побарувањата врз основа на дефекти застаруваат по истекот на три години од испораката на финалниот производ. Законските одредби за прекинување и повторно отпочнување на периодот на одговорноста нема да бидат засегнати.

**9. ОДГОВОРНОСТ**

9.1. Согласно законските одредби Добавувачот е одговорен за каква било штета што ја нанел на Маркарт со обезбедувањето на дефектни услуги или со неисполнување на своите договорни обврски. Кога Добавувачот ќе биде одговорен за штета што е резултат на дефектен производ, Добавувачот ќе смета дека Маркарт е слободен за барање за надомест на штета кон трети лица доколку настанатата штета е предизвикана под негова контрола и организација и е самиот одговорен кон трети лица.

9.2. Добавувачот презема обврска да задржи обезбедување од одговорност за производи во осигурена сума што е адекватна на ризикот. Сите барања за надомест на штета над оваа обезбедена сума ќе останат незасегнати.

**10. ПРАВА ВО СЛУЧАЈ НА ПОВРЕДА НА СОПСТВЕНОСТА (ОСОБЕНО ПОВРЕДА НА ПРАВА ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ ОД ТРЕТИ ЛИЦА)**

10.1. Во случај на повреда на сопственост или повреда на права од интелектуална сопственост, Маркарт ќе има право на релевантни законски права.

10.2. Добавувачот нема да ги користи правата од интелектуална сопственост на Маркарт, освен ако се применуваат за целите на продажба и/или давање услуги на Маркарт. Добавувачот нема да ги повредува на било кој начин правата од интелектуална сопственост на трети лица.

**11. УПОТРЕБА НА ПРОИЗВОДНА ОПРЕМА И ДОВЕРЛИВИ ИНФОРМАЦИИ**

11.1. Моделите, калапите, шаблоните, примероците, цртежите, скиците, алатките, носачите на податоци и другата производна опрема, особено доверливи информации и инженерски податоци обезбедени за Добавувачот, на барање на Маркарт или целосно платени од Маркарт, нема да се пренесуваат на трети лица без пишана согласност од Маркарт. Маркарт ќе ги резервира сите права на сопственост, авторски права и права на индустриска сопственост во производните документи и опремата обезбедена за Добавувачот.

11.2. Алатките или производната опрема што Маркарт ја платил во целост или делумно ќе премине во целосна или делумна сопственост на Маркарт.

**12. МАТЕРИЈАЛНИ ОДРЕДБИ**

12.1. Материјалите што ги обезбедил Маркарт ќе останат во сопственост на Маркарт и ќе се користат само за наменетата цел. Добавувачот ќе го обработува и склопува материјалот за Маркарт. Во овој случај, Маркарт ќе се здобие со сосопственишство на финалниот производ во соодност на обезбедениот материјал кон вредноста на финалниот производ. Добавувачот ќе го дели сосопственишството со Маркарт.

12.2. Во случај да се изврши продажбата на материјал од страна на Маркарт на Добавувачот, ќе се применат условите за испорака и плаќање на Маркарт.

**13. КОРПОРАТИВНА ОДГОВОРНОСТ**

13.1. Добавувачот презема обврска да ги исполни принципите и барањата од Кодексот на однесување на Маркарт кој може да се најде на https://us.marquardt.com/meta-footer/downloads/ .

13.2. За Добавувачот суштински елемент од договорот е да се придржува на правилата од Кодексот на однесување на Маркарт. Освен тоа, Добавувачот ќе се потруди најдобро што знае да го проследи Кодексот на однесување на Маркарт до своите потрошувачи и да ги убеди да се придржуваат до нив.

13.3. По барање на Маркарт, Добавувачот ќе даде писмена самостојна евалуација во рок на адекватен период во бараната форма. Самостојната евалуација вклучува информации за придржувањето до Кодексот на однесување на Маркарт.

**14. МЕСТО НА ЈУРИСДИКЦИЈА, МЕРОДАВНО ПРАВО**

14.1. Сите спорови што ќе се појавуваат или се поврзани со какви било права или обврски на страните од договорот - вклучувајќи спорови за меници, ќе се решаваат од страна на надлежниот суд, во седиштето на Маркарт Македонија Дооел Скопје.

14.2. Маркарт ќе има право да отпочне судска постапка против Добавувачот во своето општо место на јурисдикција во случај ако Добавувачот е нерезидент во Република Македонија.

14.3. Овие Услови за набавување и сите правни односи помеѓу страните наведени овде се раководат според правото на Република Македонија.

**15. ЈАЗИК**

15.1. Овие услови на набавка се извршуваат на англиски јазик и на македонски јазик. Во случај на неконзистентност меѓу двете верзии англиската верзија ќе биде меродавна.

March 2019